# Статистичко истражување за аеродромите (годишно)

## Т_ТРАНС.А.21_А_МК_2024_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за на животна средина, енергетика и транспорт | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Марија Трифуновска | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| marija.trifunovska@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295-635 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 27/05/2025 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 27/05/2025 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |

27/05/2025

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

Податоци за: превезени патници,број на расположливи патнички седишта, промет на воздухопловите за комерцијални воздухопловни услуги-вкупно и промет на воздухопловите-вкупно, товар и пошта со домашни и странски воздухоплов, во редовен и чартер превоз.

### 3.2 Систем на класификации

Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2.

### 3.3 Опфат на сектор/и

Сектор Н/Ж-Транспорт и складирање, класа 51.10-Патнички воздухопловен транспорт и класа 51.21-Товарен воздухопловен транспорт, според НКД Рев.2.

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

**Лет** е операција на воздухопловот преземена за да се превезат патници, стоки или пошта од една почетна дестинација до друга. **Комерцијални летови** се летовите што се вршат со воздухопловите на одредени линии, редовни или нередовни, чартер-летови со наплата и расположливи за јавна употреба, а техничките застанувања не се вклучени во бројот на летовите. **Домашни летови** се летовите што се вршат меѓу две точки, и двете лоцирани на територијата на истата земја. **Меѓународен лет** е лет чија почетна дестинација се наоѓа на територијата на една земја, а дестинацијата на слетувањето е во друга земја.

**Линиите на летање** претставуваат растојание од почетната дестинација до крајната дестинација, аеродром-аеродром растојание. Линијата се брои во двата правца.

**Патници во воздухопловниот превоз** се сметаат сите лица кои купиле билет за да бидат превезени на одредено растојание во воздухопловниот превоз. Во бројот на патниците не се вклучуваат лицата кои купиле билети, но не ги искористиле. Во бројот на патници не влегува бројот на екипажот.

**Товар** подразбира превоз на сите стоки во согласност со товарниот лист за превоз, освен поштата, и се изразува во тони. Како товар се смета и платениот багаж на патниците што е внесен во товарниот лист. Исто така, за товар се сметаат и залихите на гориво и мазиво. **Пошта** подразбира превоз на сите писмоносни пратки, пакети и весници кои се примаат од страна на претставниците на поштата на воздухопловната компанија за да бидат предадени на поштенскиот субјект по завршувањето на превозот.

**Број на расположливи патнички седишта** е вкупен број на расположливи седишта за продажба на воздухопловната операција flight stage (полетување и слетување) помеѓу два аеродрома. Директен транзит на патници е вкупен број на патници кои продолжуваат со патувањето на истиот број на летот и коишто вообичаено не го напуштаат воздухопловот и се бројат само еднаш.

### 3.5 Статистичка единица

Деловен субјект

| 3.6 | **Статистичка популација** |
|---|---|
| Сите деловни субјекти (претпријатија) кои припаѓаат на сектор Н/Ж-Транспорт и складирање, класа 51.10-Патнички воздухопловен транспорт и класа 51.21-Товарен воздухопловен транспорт, според НКД Рев.2. | |
| **3.7** | **Референтна област** |
| Република Северна Македонија | |
| **3.8** | **Временска покриеност** |
| Од 1965 година понатаму. | |
| **3.9** | **Базен период** |
| Не е релевантно. | |
| **4** | **Единица на мерење** |
| Број, тони | |
| **5** | **Референтен период** |
| Календарска година. | |
| **6** | **Институционален мандат** |
| | |
| **6.1** | **Законски акти и други договори** |
| НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА:<br><br>Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika/ )<br>Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23 и 57/25). ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B0/ )<br><br>ЕВРОПСКА РЕГУЛАТИВА:<br><br>Регулатива (ЕУ) бр. 70/2012 на Европскиот парламент и на Советот<br><br>Методологија за товарен патен транспорт, Евростат, 2016 | |
| **6.2** | **Споделување на податоци** |
| Не е применливо. | |

| | |
|---|---|
| **7** | **Доверливост** |
| | |
| **7.1** | **Доверливост - политика** |

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika/ ) . 2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/politiki-i-strategii/politika-za-statistichka-doverlivost/ ).

| | |
|---|---|
| **7.2** | **Доверливост - третирање на податоците** |

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika ) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/politiki-i-strategii/politika-za-statistichka-doverlivost/ ),индивидуалните податоци не се објавуваат.

| | |
|---|---|
| **8** | **Политика за објавување** |
| | |
| **8.1** | **Календар на објавување** |

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопшгтенија, кој се ажурира квартално.

| | |
|---|---|
| **8.2** | **Пристап до Календарот на објавување** |

( https://www.stat.mk/mk/%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D1%98%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B0/# )

| | |
|---|---|
| **8.3** | **Кориснички пристап** |

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| | |
|---|---|
| **9** | **Фреквенција на дисеминација** |

Годишна.

| | |
|---|---|
| **10** | **Достапност и јасност** |
| | |
| **10.1** | **Соопштенија** |

Соопштенијата се објавуваат (и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„Соопштенија“ ( https://www.stat.mk/mk/%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%BE%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0 ).

| | |
|---|---|
| **10.2** | **Публикации** |

Статистички годишник (линк: https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=915 )

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

( https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/ )

| 10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/profeduri/pristap-do-anonimizirani-mikropodatofi-za-nauchno-istrazhuvachki-feli/ ).

| 10.5 | Друго |
|---|---|

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби. Податоците се доставуваат до ЕУРОСТАТ преку ЕДАМИС.

| 10.6 | Документација за методологијата |
|---|---|

Методолошко објаснување,
национално, http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=72&rbrObl=24

Методолошки објаснувања кои се дел од публикацијата „Транспорт и други услуги, 2015“.
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/8.4.16.02.pdf

Glossary for Transport
Statistics, https://ec.europa.eu/eurostat/cache/metadata/Annexes/avia_if_esms_an1.pdf

| 10.7 | Документација за квалитетот |
|---|---|

Извештаи за квалитет се подготвуваат и доставуваат до ЕУРОСТАТ.

| 11 | Управување со квалитет |
|---|---|

| 11.1 | Обезбедување на квалитетот |
|---|---|

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/kvalitet/kodeks-za-rabota-na-evropskata-statistika/ ) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework-- https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf ). Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 46 и член 4в ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika/ ).

| 11.2 | Оценка на квалитетот |
|---|---|

Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците.

| 12 | Релевантност |
|---|---|

| 12.1 | Потреби на корисниците |
|---|---|

Податоците за аеродромите се користат од Владата, локалната самоуправа и бизнис заедницата. Деловните субјекти и други корисници ги користат податоците за аеродромите како показатели за креирање на нивните деловни политики.

| 12.2 | Задоволство на корисниците |
|---|---|

Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.

| 12.3 | Комплетност |
|---|---|

Комплетност на податоците на национално ниво = 100%.

| 13 | Точност и веродостојност |
|---|---|

| 13.1 | Севкупна точност |
|---|---|

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

| 13.2 | Примерочни грешки |
|---|---|

не е применливо

| 13.3 | Непримерочни грешки |
|---|---|

Грешки при опфат: Се обезбедува 100% опфат. Давателите на податоци навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска.

Грешки при мерење: Нема појава на грешки при прибирање на податоците. Давателите на податоци се информираат за истражувањето со испраќање на писмо за известување. Прибраните податоци се контролираат во Централниот завод.

Грешки при неодговор: Со оглед на обезбедениот целосен опфат, грешки во неодговорот нема.

Грешки при обработка на податоците: Во апликацијата за обработка се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци.

Грешки во моделот за суперконтрола: Не е применливо.

| | |
|---|---|
| **14** | **Навременост и точност** |
| **14.1** | **Навременост** |
| Т+180 денови. | |
| **14.2** | **Точност** |
| Податоците се објавуваат на денот, што е утврден ( најавен) во Календарот за навременост. | |
| **15** | **Кохерентност и споредливост** |
| **15.1** | **Географска споредливост** |
| Податоците се произведуваат на национално ниво и е обезбедена споредливост со други држави. | |
| **15.2** | **Временска споредливост** |
| Временска серија од 1965 година и нема прекин на временската серија. Број на референтни периоди во временската серија од последниот прекин - 59. | |
| **15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |
| Не е применливо, СИ нема поврзување со други СИ. | |
| **15.4** | **Внатрешна кохерентност** |
| Внатрешна кохерентност е постигната. | |
| **16** | **Трошок и оптовареност** |
| Се користат административни извори на податоци. | |
| **17** | **Ревизија на податоците** |
| **17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |
| Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/politiki-i-strategii/%D1%80%D0%B5%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%86%D0%B8/ ). | |
| **17.2** | **Практика за ревизија на податоците** |
| Не е применливо, нема ревизија на податоците во ова Статистичко истражување. | |
| **18** | **Статистичка обработка** |
| **18.1** | **Извори на податоци** |
| Ова статистичко истражување е со целосен опфат. Статистичкиот прашалник „Годишен извештај за аеродромите“ (ТРАНС.А.21) го пополнуваат деловните субјекти кои припаѓаат Сектор Н/Ж-Транспорт и складирање, класа 51.10-Патнички воздухопловен транспорт и | |

класа 51.21-Товарен воздухопловен транспорт, според НКД Рев.2. Ажурирањето на опфатот се врши годишно.

| **18.2** | **Фреквенција на прибирање податоци** |
|---|---|

Годишна.

| **18.3** | **Прибирање на податоците** |
|---|---|

Податоците од истражувањето се со целосен опфат, се прибираат со метод на самопополнување во статистичкиот прашалник „Годишен извештај за аеродромите" ((ТРАНС.А.21). Претпријатијата ги пополнуваат податоците во статистичкиот прашалник и ги доставуваат до ДЗС најдоцна до 15.04. во тековната година за претходната година.

| **18.4** | **Проверка на податоците** |
|---|---|

Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши пред и по внесувањето. Проверка се врши и на готовите податоци пред нивното објавување.

| **18.5** | **Компилирање податоци** |
|---|---|

Едитирање: Пристигнатите податоци од деловните субјекти, по проверката и евентуалната корекција во консултација со извештајните единици, се внесуваат на електронски медиум, со вградени on-line контроли. Пресметка: Излезните податоци се дефинирани во апликацијата.

| **18.6** | **Прилагодување** |
|---|---|

Не е применливо, не се врши прилагодување на временската серија и сезонско прилагодување на податоците.

| **19** | **Коментар** |
|---|---|

Нема коментар.

| **А.1** | **Анекси** |
|---|---|